Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.2. и член 127, а во врска со член 145 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 јуни 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување на Правила за изменување и дополнување на Правила за пазар на балансна енергија, на Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје

1. Со оваа одлука се одобруваат Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на балансна енергија на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје, Правилата од точка 1 на оваа одлука да ги објави во “Службен весник на Република Северна Македонија“ и на неговата веб страницата.

3. Оваа одлука се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.2. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) ги одобрува правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори, правила за пазар на балансна енергија и правила за услуги за балансирање на системот за пренос на гас, на предлог на соодветните оператори.

Регулаторната комисија за енергетика на 30 април 2026 година донесе Одлука за одобрување на Правилата за пазар на балансна енергија на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје, бр. 12-655/5 од 30 април 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/26).

Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), на 8 јуни 2026 година со допис бр. 09-3496 од 8 јуни 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/1 од 8 јуни 2026 година достави на одобрување текст на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за пазар на балансна енергија, заедно со Одлука на Управниот одбор бр. 02-3495/2 од 8 јуни 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика достави свои забелешки на предложените измени и дополнувања по што АД МЕПСО Скопје со допис бр.09-3531 од 9 јуни 2026 година заведен во архивата на

Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/2 од 10 јуни 2026 година достави текст на Правилата со имплементирани забелешки и Одлука на Управниот одбор бр. 02-3530/3 од 9 јуни 2026 година

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-912/5**
**10 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

Прилог:

- Правила за изменување и дополнување на Правила за пазар на балансна енергија, на Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје